**20111352970**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07-3986/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 67/92, 20/2003, 46/2004, 19/2007, 84/2008 и 51/11), во членот 37 став 1 точка 4 зборовите: "членот 44" се заменуваат со зборовите: "членовите 44 и 45".

По точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

"6) лицето е присилно вратено или протерано од друга држава поради постапување спротивно на прописите за влез и престој во таа држава и".

Во точката 6 која станува точка 7 по зборот "закон" сврзникот "и" се заменува со точка.

Член 2

Во членот 38 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Ќе се смета дека се престанати причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза од членот 37 став 1 точка 6 од овој закон по истекот на една година од денот на донесувањето на решението од членот 39 од овој закон."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".